РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## АНЕКС НА БИЛТЕНОТ БРОЈ 1281 ОД 1.4.2023 ГОДИНА

Скопје, 4.4.2023 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
*проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор*

**Уредник на Билтенот:**
*Илија Богоевски*

**Лектор:**
*Весна Илиевска-Цветановска*

**Техничко уредување:**
*Зоран Кордоски*

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет*: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ***

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА АНЕКСОТ НА БИЛТЕНОТ БРОЈ 1281

## ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Состојби и предизвици во обезбедувањето и присилното исполнување на побарувањата од договорот за кредит во домашното и во споредбеното право** од **м-р Анета Бошковска**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје......................................................5-14

# РЕЦЕНЗИЈА
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО И ПРИСИЛНОТО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА ОД ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ВО ДОМАШНОТО И ВО СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО“ ОД М-Р АНЕТА БОШКОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 28.2.2023 година, со Одлука бр. 02-250/121, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р АНЕТА БОШКОВСКА со наслов: СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО И ПРИСИЛНОТО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА ОД ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ВО ДОМАШНОТО И ВО СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО, во состав: проф. д-р Арсен Јаневски, проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, проф. д-р Татјана Зороска-Камиловска (ментор), проф. д-р Неда Здравева и проф. д-р Милка Ракочевиќ.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Анета Бошковска, со наслов: СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО И ПРИСИЛНОТО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА ОД ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ВО ДОМАШНОТО И ВО СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО, содржи 327 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 705 фусноти и 543 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во седум дела, со единаесет глави и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки, со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот (прв дел), изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Во воведот на докторската дисертација (стр.9-13), изложена е дефиницијата на проблемот кој е предмет на истражување на докторската дисертација, предметот на обработка и целите кои треба да ги постигне истражувањето, научната оправданост на темата, поставени се работните хипотези при изработката на докторската дисертација и користената методологија при истражувањето и изготвувањето на докторската дисертација. Кандидатката укажува дека идеал на секоја држава е изградба и функционирање на ефикасен, ефективен и економичен систем на обезбедување на побарувањата и нивно исполнување во практиката кој ќе одговори на потребите на современите договорни и деловни односи, вклучувајќи ги и договорите за кредит. Во секојдневните, сè поинтензивни деловни кредитни односи и зголемен број деловни трансакции кои се склучуваат се јавува потребата од зголемена сигурност дека побарувањата на доверителите ќе бидат во целост наплатени. Пропорционално, со рапидното зголемување на кредитните односи во деловниот промет, расте и потребата од примена на ефикасни средства и постапки за обезбедување на побарувањата. Предмет на проучување на докторската дисертација се гаранцијата, фидуцијарниот пренос на правото на сопственост кои ќе се разработат низ призмата на побарувањата од договорите за кредит и хипотеката како најчест начин на обезбедување на договорите за кредит. Средствата за обезбедување се обработени од аспект на нивната содржина и постапката за присилна наплата на побарувањето. Притоа, во докторската дисертација,

средствата за обезбедување и постапките за присилна наплата на побарувањата од договорот за кредит се разгледуваат низ призмата на македонското право и споредбените права на земјите во регионот и пошироко. За да се заокружи во целост истражувањето за состојбите и предизвиците во обезбедувањето и присилното исполнување на побарувањата од договорите за кредит, направени се истражувања и анализи на практични предмети конкретни договори за кредити, конкретни извршни предмети и анализа на судска практика  Вториот дел на трудот содржи три глави.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена: **Дефинирање на договорот за кредит** (стр.23-30). Во оваа глава, кандидатката ги дефинира најважните поими кои се во директна врска со предметот на истражување. На почетокот, кандидатката врши дефинирање на поимот на договорот за кредит, при што тргнува од општа дефиниција на договорот како посебен вид облигационен однос и неговата дефиниција како: правен факт, правен однос и правен документ. Таа се осврнува на дефинирањето на договорот во цивилната доктрина и на законската дефиниција. Во излагањето, направена е анализа на неколку теоретски дефиниции на договорот за кредит. Договорот за кредит својот зачеток го има во договорот за заем, но економски и правно-технички прогресирал во развојот и прераснал во посебен договор во банкарското работење согласно со карактеристиките кои ги бара современата економија и современиот правен промет. Понатаму, договорот за кредит го дефинира преку споредување на неговите карактеристики со договорот за заем. Излагањето во оваа глава продолжува со анализирање на законските дефиниции на договорот за кредит во Законот за облигационите односи, Законот за банките и Законот за заштита на потрошувачите во Република Северна Македонија. Преку анализата на законските дефиниции, кандидатката ги извлекува карактеристиките на договорот за кредит.

На крајот од првата глава, кандидатката ги разработува предметот на договорот за кредит и елементите на договорот за кредит. Притоа, таа доаѓа до заклучок дека обезбедувањето на кредитот е еден од клучните елементи на договорот за кредит преку кој банката ги наплаќа своите доспеани, а неплатени побарувања.

**Во втората глава** насловена: **Форма и содржина на договорот за кредит** (стр.34-39), излагањата започнуваат со анализирање на содржината на договорот за кредит преку правата и обврските на договорните страни (давателот на кредит и примателот на кредит). Понатаму, кандидатката го елаборира прашањето за обезбедување на кредитите од аспект на содржината на договорите за кредит. Таа го разгледува обезбедувањето на побарувањата кај договорите за кредит од аспект на банката и од аспект на корисникот на кредит, а со склучувањето на договорот за кредит се заснова заемен однос на доверба помеѓу банката и корисникот на кредит.

На крајот од втората глава, кандидатката доаѓа до заклучок дека кај обезбедувањето на кредитите клиентот мора да ѝ понуди и да ѝ обезбеди на банката средство за обезбедување, што за клиентот претставува оптоварување пред одобрувањето на кредитот, бидејќи може да се случи тој да има трошоци или, пак, да претрпи друга штета со тоа што го дал конкретното обезбедување за кредитот, а банката истиот тој кредит да не му го одобри. Оттука, клиентот прифаќа еден вид ризик уште пред кредитот да му биде одобрен. Тој ризик може да се рефлектира на неговата имотна состојба, што потоа може да го направи помалку имотно кредитно способен за да се обиде да обезбеди кредит од друга банка или институција. Затоа, во концепирањето на начините за обезбедување на кредите, банките настојуваат да изнајдат оптимално решение помеѓу средството за обезбедување на побарувањето и постапката за негова реализација во случај на неврaќање на кредитот од страна на корисникот.

**Третата глава** (**Видови договори за кредит,** стр.39-47) ги разработува следните поделби на договорите за кредит: поделба согласно со намената; поделба согласно со временскиот критериум; поделба со оглед на начинот на кој на корисникот на кредит се даваат на располагање одобрените парични средства; револвинг кредит; поделба од аспект на постоење на обезбедувањето на договорот за кредит; поделба според видот на корисникот; потрошувачки кредити; поделба според критериумот начин на обезбедување од ризици.

На крајот на третата глава се анализира прашањето за значењето на обезбедувањето кај договорите за кредит. Значењето на обезбедувањето на побарувањето кај договорот за кредит најмногу се гледа во намалување на ризикот за доверителот, односно банката од невраќање на кредитот. Кај кредитите обезбедени со личноправни средства за обезбедување на побарувањата ризикот се намалува на тој начин што покрај корисникот на кредитот за обврската на кредитот одговара уште најмалку едно лице односно гарантот. Притоа, обврската на гарантот може да биде акцесорна, солидарна, ограничена или неограничена. Без оглед на видот на одговорноста, за одговорноста на наплата на побарувањето кое произлегува од договорот за кредит, заедно со корисникот, одговара и гарантот. Кај кредитите со реални или стварноправни средства за обезбедување на побарувањата, ризикот на банката се намалува на тој начин што се воспоставува право за банката да се намири од одредена ствар на корисникот на кредитот или некој трет доколку тој како должник не го врати кредитот.

Во **четвртата глава** насловена: **Промена на договорните услови за кредитите и нивното влијание на обезбедувањето на побарувањата од договорите за кредит и постапките за присилно исполнување** (стр.48-68), кандидатката се задржува на неможноста за исполнување на договорот за кредит поради променетите околности предизвикани од пандемијата. Предмет на интерес на овој дел од докторската дисертација е промената на условите кај договорите за кредит кои се веќе склучени и чие исполнување од договорните страни е во тек. Во оваа глава, кандидатката потенцира дека променетите услови од договорите за кредитна изложеност спрема должниците, солидарните должници и заложните должници произведуваат правно дејство по истекот на рокот, односно по приемот на известувањето за прифаќање на понудата, без склучување на нови договори/анекси кон договорите. Предмет на елаборација се и правните последици на договорите за кредит од промената на договорните услови за време на вонредната состојба поради пандемијата. На крајот од оваа глава, кандидатката констатира дека Уредбата и нејзината содржина беше временски ограничена со траење, односно таа важеше за време на вонредната состојба. Она што може да се забележи е дека таа не предвидува решенија за сервисирањето на обврските на корисниците на кредити по завршување на вонредната состојба. Тоа значи дека по завршувањето на нејзината важност, применливи се позитивните национални материјални и процесни прописи за реализацијата на правата и обврските од договорите за кредити.

Во **петтата глава** насловена: **Поим и видови средства за обезбедување на побарувањата кај договорот за кредит** (стр.69-81), кандидатката се осврнува на поимот за обезбедување, потребата од обезбедување на побарувањата кај договорот за кредит и значењето на обезбедувањето на побарувањата кај договорите за кредит. Обезбедувањето на побарувањата кај договорот за кредит има превентивна и отштетна функција. Превентивната функција се гледа во фактот што со самото предвидување во договорот за кредит, односно со самото постоење во договорот, тие го поттикнуваат (или вршат на некој начин „притисок“) должникот за тој да ја исполни својата обврска. Отштетната функција на обезбедувањето на побарувањата се огледа во самата реализација на средството за обезбедување, односно спроведување на постапката. Кандидатката констатира дека најзначајниот предизвик во обезбедувањето на побарувањата кај договорот за кредит во лепезата на најразличните кредитни односи кои ги диктира кредитното работење е ефикасноста на средството или средствата со кои е обезбедено побарувањето. Понатаму, се анализираат трите значења на обезбедувањето на побарувањата кај договорите за кредит: материјалноправно значење, процесноправно значење и економско значење.

Предмет на елаборација се и неспорните побарувања според Регулативата бр. 805/2004 на Европскиот парламент и совет од 21 април 2004 година, како и видовите средства за обезбедување на побарувањата: лично правни, стварно правни и извршно правни. Кандидатката ги анализира поимите, карактеристиките и видовите на средства во секоја група одделно.

Во **шестата глава** насловена: **Гаранцијата како средство за обезбедување на побарувањата** (стр.81-99), кандидатката ја анализира гаранцијата како средство за обезбедување на побарувањата кај договорите за кредит. Таа се задржува на поимот на

гаранцијата и нејзините карактеристики од аспект на обезбедувањето на побарувањата кај договорите за кредит. Во понатамошната обработка на оваа глава, анализирани се формата на договорот за гаранција како услов за полноважност на договорот и претпоставка за спроведување на постапката за присилна наплата на побарувањата, страните и содржината на договорот за гаранција, предметот на обезбедување кај договорот за гаранција и одговорноста на гарантот. Кандидатката ги елаборира прашањата од теоретски аспект, преку законските одредби и преку практични судски пресуди.

Кандидатката констатира дека гаранцијата е често користено средство за обезбедување на побарувањата од договорите за кредит. Нејзината суштина уште поефективно би можела да се оствари доколку таа се кумулира со хипотеката како стварно правно средство за обезбедување на побарувањето во ист договор за кредит.

Во **седмата глава** насловена: **Банкарската гаранција како средство за обезбедување на побарувањата** (стр.100-124), кандидатката се осврнува на банкарската гаранција како средство за обезбедување на побарувањата кај авален или кауционен кредит, обработувајќи го поимот и договорот за банкарска гаранција, правните односи кај банкарската гаранција, правната природа на договорот за банкарска гаранција, склучувањето, содржината на договорот за банкарска гаранција, видовите банкарски гаранции и супергаранцијата како средство за обезбедување. Во понатамошната обработка на оваа глава анализирана е улогата на нотарот во составувањето на договорот за кредит како извршна исправа. Анализирајќи ја улогата на нотарот при солемнизацијата на договорот за кредит, несомнено е дека уште во моментот на склучувањето на конкретниот договор кога нема никаков спор помеѓу странките и не се знае како ќе се случи реализацијата на договорот, односно дали уредно ќе се враќа кредитот, правниот систем обезбедува сигурен степен на правна заштита. Тоа се огледа во улогата на нотар кој со своето дејствување придонесува за обезбедување на превентивна правна заштита, односно обезбедување поголема правна сигурност од една страна и избегнување спорови од друга страна. Кандидатката доаѓа до заклучок дека самото постоење на договорот за кредит со својство на извршна исправа врши пресија на должникот уредно да ја исполнува обврската, односно уредно да го враќа кредитот кон доверителот, но обезбедува и правна сигурност за доверителот дека побарувањето ќе може да го наплати и од гарантот. Со ова се овозможува брза, сигурна, лесна и економична заштита на правата на граѓаните.

На крајот на оваа глава, кандидатката ја елаборира гаранцијата како средство за обезбедување на побарувањата во споредбените права. Во контекст на споредбените аспекти, кандидатката како најзначајна ја издвојува дигитализацијата на постапките кај нотарите во врска со составувањето на договорите за кредит како извршни исправи и констатира дека со дигитализација на постапката кај нотарите за солемнизација на договорите за кредит со својство на извршна исправа уште повеќе ќе се унапреди постапката во функција на нејзино забрзување. Ваквиот информатички систем несомнено ќе овозможи брза и ефикасна обработка на барањата за издавање извршни исправи и во уште поголем обем ќе придонесе за афирмирање на вонсудскиот начин на исполнување на побарувањата од договорите за кредит. Реформата за дигитализација на постапката кај нотарите ќе значи спроведување на темелна реформа во правниот систем на Република Северна Македонија.

Во **осмата глава** насловена: **Обезбедување на побарувањата со пренос на сопственост на предмети и со пренос на права** (стр.125-168), анализирани се поимот на обезбедување на побарувањата со пренос на сопственост на предмети и права – фидуцијатниот пренос на правото на сопственост на предмети и права од теоретски аспект и преку законската дефиниција, разгледани се карактеристиките на ова средство за обезбедување на побарувањата кои се изведени од дефинициите на поимот и неговото значење од аспект на положбата на доверителот и должникот. Понатаму, кандидатката се осврнува на уписот на правото во фидуцијарниот регистар од аспект на обезбедување на побарувањата од договорите за кредит. Потоа, разработена е постапката за упис на правото во фидуцијарниот регистар во Централниот регистар на Република Северна Македонија, обработен е Извештајот за работа на Централниот

регистар на Република Северна Македонија за 2020 година, поимот и елементите на договорот за обезбедување со пренос на сопственост на подвижни предмети, предметот на обезбедување на фидуцијарниот пренос на правото на сопственост на предмети и права и спогодбата за обезбедување на побарувањата од договорите за кредит. Во контекст на констатациите од оваа глава, кандидатката заклучува дека значајна придобивка од воведувањето на фидуцијарниот регистар е воспоставувањето унифицирана правна рамка за обезбедени трансакции што опфаќа јавност, односно публицитет на правото. Во понатамошниот тек на оваа глава, елаборирана е улогата на извршителот при обезбедување на побарувањата од договорот за кредит со пренос на сопственост на предмети и права согласно со Законот за обезбедување на побарувањата на Република Северна Македонија, постапката за намирување на доверителот во случај на задоцнување на должникот со враќање на кредитот и дејствата на преносот на правото на сопственост на предмети и преносот на права заради обезбедување.

Понатаму, кандидатката ги анализира компаративните аспекти на фидуцијарниот пренос на правото на сопственост на предмети и права во современите правни системи на: Германија, Швајцарија, Австрија и во правните системи на поблиското правно опкружување во земјите во регионот: Србија, Црна Гора, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина. Како предизвици *de lege ferenda* кај ова средство за обезбедување на побарувањата, кандидатката ги издвојува: негова поголема промоција од страна на банките кај клиентите, поголема негова афирмација кај кредитите со помали износи и кумулација на фидуцијарниот пренос на правото на сопственост со гаранцијата или некое друго средство за обезбедување на побарувањата со цел постигнување поголема правна сигурност за банката од една страна, но и заштита на интересите за должниците и гарантите, од друга страна.

Во **деветтата глава** со наслов: **Заложно право (хипотека),** стр.(168-231), кандидатката се задржува на договорниот залог како средство за обезбедување на побарувањата кај договорите за кредит, поимот и предметот на хипотеката како најчесто користено средство за обезбедување на побарувањата кај договорите за кредит со позначителни износи, побарувањата кои се обезбедуваат со ова средство за обезбедување на побарувањата, субјекти на правото на договорен залог – хипотека и претпоставките за засновање на хипотеката (договорот за залог врз недвижност – хипотека како правен основ за стекнување на правото на договорен залог и законскиот начин на стекнување на правото на договорен залог). Во понатамошниот тек на излагањето во оваа глава, кандидатката се осврнува на постапката за реализацијата на залогот според Законот за договорен залог, анализирајќи ја истата преку законски одредби и преку конкретни судски одлуки. Преку анализа на конкретни судски одлуки и законски одредби, кандидатката ги анализира и следните права: правото на првенство во намирувањето на заложниот доверител од вредноста на предметот на правото на договорен залог, разлачно право на заложниот доверител и случаите на престанок на правото на договорен залог. Компаративните аспекти на хипотеката како средство за обезбедување на побарувањата се обработени низ призмата на споредбените права на: Србија, Хрватска, Словенија, Европската Унија, Германија и Франција. Понатаму, кандидатката детално со анализа на законските одредби ја разгледува постапката за реализација на залогот кај извршител согласно Законот за извршување. Реализацијата на хипотеката по судски пат се елаборира низ неколку судски пресуди. Како предности на хипотеката како средство за обезбедување на побарувањата од договорите за кредит, кандидатката ги наведува: сигурноста која ја ужива доверителот како страна на договорниот кредитен однос кога неговото побарување е обезбедено со хипотека, договорот за хипотека може да има својство на извршна исправа, концизно регулирана постапка за реализација на залогот, најсигурно средство за обезбедување со строги услови од банките за одобрување на кредитите во кои хипотеката е средство за обезбедување на кредитниот износ и уписот на хипотеката во јавна книга.

Во **десеттата глава** насловена: **Однос помеѓу стварно правните, лично правните и извршно правните средства за обезбедување** (стр.232-249), кандидатката анализира неколку различни односи помеѓу неколку средства за обезбедување на побарувањата:

односот на заложното право – хипотека и гаранцијата, односот на банкарската гаранција и залогот – хипотека, односот на банкарската гаранција и фидуцијарниот пренос на правото на сопственост и односот на гаранцијата и односот на гаранцијата и залогот во ист договор за кредит. Кандидатката наведува дека можноста за кумулација на повеќе средства за обезбедување во еден договор за кредит е возможна во македонското право и во споредбените права. Иако оваа можност не е многу афирмирана во практиката кога станува збор за договорите за кредит, сепак можни се ситуации во кои хипотеката може да биде предвидена заедно со некое друго средство за обезбедување на побарувањата. Кога во еден договор за кредит е определена хипотеката како средство за обезбедување на побарувањето и гаранцијата како дополнително средство за обезбедување на истото побарување, за банката уште при склучувањето на договорот за кредит е извесно од кој имот би го наплатила побарувањето доколку корисникот на кредит не го врати уредно кредитот. Ваквата ситуација не е случај со гаранцијата како средство за обезбедување на побарувањето, бидејќи во текот на траењето на договорниот однос може да дојде до промена на материјалната состојба на гарантот. Од споредувањето на банкарската гаранција и хипотеката, кандидатката забележува дека хипотеката има поширока примена во банкарското кредитирање за разлика од банкарската гаранција.

Во **единаесеттата глава** насловена: **Анализи на средствата за обезбедување на побарувањата кај договорите за кредит** (стр. 250-268), кандидатката прави анализи на конкретни средства за обезбедување на побарувањата од договорите за кредит кои комерцијалните банки ги предвидуваат во нивните услови за склучување на договорите. Од направените анализи, кандидатката доаѓа до заклучок дека банките со висок степен на сигурност ги обезбедуваат нивните побарувања од договорите за кредит, бидејќи покрај гаранцијата и хипотеката во нивните услови предвидуваат и други средства за обезбедување на побарувањата. Понатаму, направена е и анализа на практични предмети за кои се спроведени извршни постапки, по што кандидатката доаѓа до заклучок дека извршната постапка е ефективна постапка за намирување на побарувањата од договорите за кредит.

Во **заклучните согледувања**, кандидатката ги сумира заклучоците до кои е дојдено при проучување на прашањата изложени во тезата, критички се осврнува врз определени решенија, а воедно и предлага и формулира препораки по однос на изложените проблеми. Кандидатката, од консултираната литература, бројни теоретски елаборации и судската практика дава генерални согледувања за предметот на истражувањето и дава предлози за подобрување на законската регулатива. Кандидатката подвлекува дека средствата и системот на обезбедување на побарувањата кај договорите за кредит ја гарантираат правната сигурност, ја зајакнуваат довербата во правниот систем и го апсолвираат кредитниот ризик од неуредно враќање на кредитот. Кандидатката дава препораки за зголемување на квалитетот на системот на обезбедување на побарувањата и подобрување на квалитетот на постапките за наплата преку реализирање на различни средства за обезбедување на побарувањата преку дигитализација на процесот на издавање извршни исправи и дигитализација на постапката за извршување.

На крајот од докторската дисертација се наоѓа прегледот на цитираната и консултираната домашна и странска литература.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување се три средства за обезбедување на побарувањата (гаранцијата, фидуцијарниот пренос на правото на сопственост на предмети и права и хипотеката), анализирање на нивните карактеристики од аспект на обезбедувањето на побарувањата од договорите за кредит, нивните специфичности, предностите и слабостите на секое од нив преку интегрално анализирање на нивната суштина, постапката за присилна реализација на побарувањето кога ќе изостане доброволното исполнување на обврската за враќање на кредитот, состојбата во оваа област во Република Северна Македонија и состојбите во споредбените права во оваа област. Преку интегралното истражување кое е направено во докторската дисертација, целта е да се прикажат предностите на секое од средствата и да се предочат оптимални комбинации на средства за обезбедување на побарувањата од договорите за кредит зависно од

видот и висината на кредитот. Во фокусот на истражувањето се и недостатоците на секое од средствата и идните предизвици за нивно унапредување, како и одредени препораки за изменување и дополнување на одделни одредби во одделни закони на Република Северна Македонија преку кои ќе се зголеми ефикасноста на постапките за присилно исполнување на побарувањата од договорите за кредит, надминување на проблематични ситуации, но и следење на позитивните искуства на земјите од регионот и европските права во оваа област.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Во однос на состојбата на науката во врска со темата на докторската дисертација: СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО И ПРИСИЛНОТО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА ОД ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ВО ДОМАШНОТО И ВО СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО, може да се забележи дека темата е постојано актуелна за истражување, бидејќи кредитниот промет е динамичен и постојано се менува. Оттука, се наметнува потребата за континуирано реактуализирање на унапредувањето на научните сознанија и истражувања, но и постојано приспособување на законските решенија во функција на забрзување на постапката за присилно исполнување на побарувањата од договорите за кредит. Во досегашните научни истражувања, иако одделните средства за обезбедување на побарувањата се обработувани поодделно, досега не е извршено вакво покомплексно и интегрално истражување. Станува збор за проблематика без која не може да се замисли современото банкарско работење и склучување на договорите за кредит. Деловните субјекти не можат да го замислат нивното работење без склучување на договори за кредит. Истовремено, физичките лица секојдневно имаат потреба од обезбедување на кредити заради задоволување на најразлични свои потреби. Секојдневно сме сведоци на сѐ поинтензивни деловни кредитни односи и на зголемен број деловни трансакции кои се склучуваат, а во кои се јавува потребата од зголемена сигурност дека побарувањата на доверителите ќе бидат во целост наплатени. Оттука, пропорционално, со рапидното зголемување на кредитните односи во деловниот промет, расте и потребата од примена на ефикасни средства и постапки за обезбедување на побарувањата и потребата од нови научни истражувања на оваа тема со цел функционирање на ефикасен, ефективен и економичен систем на обезбедување на побарувањата од договорите за кредит.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Поставените цели на истражувањето бараат предметната проблематика да се разгледува од неколку димензии, со помош на повеќе научни методи. При истражувањето, користени се дескриптивниот и компаративниот метод. Примената на овие методи произлегува од фактот што видовите средства за обезбедување на побарувањата, постапката за обезбедување и механизмите за нивно реализирање се поврзани со националното право на државата. Затоа, потребно е да се направи компаративен осврт и анализа на прифатените национални решенија. Во врска со ова, компаративниот метод ќе послужи не само за споредување на системите за обезбедување на побарувањата во различни законодавства, туку тој ќе се примени и за споредување на карактеристиките на гаранцијата, фидуцијарниот пренос на правото на сопственост и времените мерки за обезбедување со цел да се воочат нивните разлики, предности и слабости. Со оглед на ова, компаративниот метод се користи за да се направи дистинкција на системот на обезбедување на побарувањата помеѓу различни национални законодавства, но и разграничувања на средствата за обезбедување на побарувањата во рамките на еден национален поредок. Додека, пак, дескриптивниот метод се употребува за детално опишување и образложување на средствата за обезбедување кои се предмет на проучување на дисертацијата, како и постапките преку кои тие се спроведуваат. При изработката на докторската дисертација, кандидатката го користи и аналитичко-синтетичкиот метод преку кој прави анализа на правните прописи и правните извори кои го регулираат системот на обезбедување на побарувањата (средствата за обезбедување на побарувањата, постапката за обезбедување на побарувањата, постапката за извршување, постапките за вонсудско и судско исполнување на побарувањата од договорите за кредит). Методот на компилација ќе се примени за анализа и компарација на ставовите на правната

доктрина, искуствата и размислувањата на правната наука во врска со темата, предмет на оваа дисертација. Методите на индукција и дедукција се применети за извлекување на заклучоци, додека, пак, со дијалектичкиот метод се сумираат резултатите и заклучоците од истражувањето.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Преку сеопфатното истражување на состојбите и предизвиците во обезбедувањето и присилното исполнување на побарувањата од договорот за кредит во домашното и споредбеното право со посебен осврт на гаранцијата, фидуцијарниот пренос на правото на сопственост на предмети и права и хипотеката како средства за обезбедување на побарувањата, кандидатката доаѓа до резултатите кои би биле од корист за банките како даватели на кредити, но и физичките и правните лица, како примател на кредити. Истражувањето ќе им овозможи на банките, како даватели на кредити, да ги согледаат предностите кои ги нуди фидуцијарниот пренос на правото на сопственост на предмети и права како средство за обезбедување и позитивните аспекти за кумулација на различни средства за обезбедување на побарувањето во еден договорен кредитен однос. Покрај тоа, за физичките и правните лица, како корисници на кредит, истражувањето ќе им ги предочи позитивните страни на секое од средствата за обезбедување на побарувањата кои се предмет на разработка на докторската дисертација. Истражувањето ќе им овозможи на банките и корисниците на кредити приказ за тоа во кои кредитни односи да користат едно, а кога две или повеќе средства за обезбедување на побарувањето, како и приказ за тоа како најцелисходно да ги кумулираат средствата за обезбедување.

Од друга страна, пак, дисертацијата укажува и на предизвиците *de lege ferenda* за натамошно унапредување на средствата за обезбедување на побарувањата од договорите за кредит, како и постапките за присилно исполнување на побарувањата од договорите за кредит со укажување на одредени празнини во законската регулатива, но и потенцирање на позитивните искуства од споредбените права со цел нивно инкорпорирање во националното право.

Во дисертацијата се предложени мерки за афирмирање на фидуцијарниот пренос на правото на сопственост на предмети и права и преземање на мерки за поголема информираност на корисниците на кредити за ова средство за обезбедување на побарувањата.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Анета Бошковска, со наслов: СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО И ПРИСИЛНОТО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА ОД ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ВО ДОМАШНОТО И ВО СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО, претставува оригинален научен труд изготвен согласно со сите критериуми за една докторска дисертација. Кандидатката обработува тема која е комплексна, а за која со оглед на нејзината практична применливост се појавува потреба од континуирано нејзино следење и научно истражување, во која се опфатени институти од граѓанското материјално и граѓанското процесно право. Станува збор за сеопфатен и самостоен научен труд кој има свој придонес во областа на граѓанското право.

Во методолошка смисла, дисертацијата е поставена врз јасно дефинирани хипотези, работни тези за секоја глава и цели на истражувањето, како и соодветна методологија и истражувачка техника сообразена со поставените цели. Структурата и содржината на докторската дисертација даваат за право да се констатира дека кандидатката успеала да даде целосна анализа на предметот на истражувањето, така што дисертацијата претставува заокружена целина. Материјата е презентирана на јасен начин, а трудот е сеопфатно обработен, содржински и логично систематизиран. При изработка на дисертацијата, кандидатката се користела со релевантна научна и стручна литература, домашна и странска, случаи од судската практика, за што говори и големиот број фусноти во текстот на дисертацијата.

Стилот на кој е пишуван трудот е јасен и разбирлив. Трудот е пишуван на литературен македонски јазик, со користење на прецизна терминологија од соодветната област. Во дисертацијата, кандидатката, низ теоретската рамка на истражувањето, ги изнесува сопствените аргументирани елаборации за предметната проблематика, кои се сумирани во заклучоците и предлозите што ги дава, што му дава посебен квалитет на овој труд.

Дисертацијата претставува самостоен научен труд, со кој кандидатката дава придонес за натамошно развивање на проблематиката поврзана со прашањето за обезбедување на побарувањата од договорите за кредит. Значењето на трудот произлегува од неговата практична вредност во поглед на препораките кои се даваат за натамошно унапредување на средствата за обезбедување на побарувањата и предлози за измени во законската регулатива во функција на забрзување на постапката за присилно исполнување на побарувањата од договорите за кредит.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила како прв автор, во меѓународни научни списанија, следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1] „MEANS OF SECURING CLAIMS – COMPARATIVE ASPECTS“, Aneta Boshkovska, International Scientific Conference “Towards a Better Future: Visions of Justice, Equality, and Politics”, Conference Proceedings, Faculty of Law - Kicevo, University “St. Kliment Ohridski” – Bitola, 2022.2] „THE GUARANTEE AS A MEANS OF SECURING CLAIMS“, Aneta Boshkovska, Proceedings, Ninth International Scientific Conference, SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD, Shtip, September, 2022.

[3] „The impossibility of fulfillment of the contracts due to force majeure “, Aneta Boshkovska, Proceedings, Eight International Scientific Conference, SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD, Shtip, September, 2021.

[4] „Enforcement titles as ground for enforcement in Macedonian law “, Aneta Boshkovska, Law Review Iustinuanus Primus, Law Review Volume 9 Issue 2 Year 2018.

Кандидатката е автор и на следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА НА ДОВЕРИТЕЛОТ, СО ПРЕНОС НА СОПСТВЕНОСТА НА ПРЕДМЕТИТЕ, И ПРАВАТА – ФИДУЦИЈАРЕН ПРЕНОС НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ, Анета Бошковска, Правен дијалог, број 25, јуни 2022.

[2]. „Диспозитивната волја и располагања на субјектите во граѓанското право“, Анета Бошковска, Правен дијалог, број 23, јуни 2021.

[3]. „Влијанието на пандемијата предизвикана од Ковид-19 врз реализацијата на договорните односи од кредитите“, Правен дијалог, број 24, декември 2021.

[4]. „Правосилноста на судските одлуки во функција на остварување на правната сигурност и принципот на владеење на правото“, Правен дијалог, број 21, јуни 2020.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изложениот приказ и дадената оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторска дисертација што ги задоволува сите критериуми за подготвување на самостојни научни трудови од ваков вид, предвидени со соодветната законска регулатива и со актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Анета Бошковска** со наслов: **Состојби и предизвици во обезбедувањето и присилното исполнување на побарувањата од договорот за кредит во домашното и во споредбеното право.**

КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Арсен Јаневски, с.р.**
2. **Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, с.р.**
3. **Проф. д-р Татјана Зороска-Камиловска, с.р.**
4. **Проф. д-р Неда Здравева, с.р.**
5. **Проф. д-р Милка Ракочевиќ, с.р.**